Ивана Добривојевиќ
Горан Милорадовиќ

Загрозена држава

Тероризмот во Кралството Југославија

Клучно прашање

Дали сметате дека тероризмот како политичко средство може да биде оправдан?

Тема

Овој модул го истражува феноменот на тероризмот во Кралството СХС/Југославија во периодот 1919-1934 година. Темата е избрана поради желбата да се допре борбата помеѓу тероризмот и државните организации во општество кое се бори за демократија. Контроверзите се наоѓаат во различните перцепции за терористичките организации. Додека државата, политичката елита и мнозинството од популацијата силно се противат на тероризмот, малцинството ги смета за "борци за слобода".

Очекувани резултати

- Препознавање на тероризмот како средство за постигнување на политички цели
- Анализа на историски извори
- Воочување на врските помеѓу тероризмот и политиката
- Споредба на тероризмот некогаш и сега

Цели

Учениците ќе стекнат знаења за терористичките активности на различни политички групи во Кралството СХС

90 минути

Упатство за наставници

Чекор 1
Учениците ќе се запознаат со темата низ контекстот и прашањата, ќе добијат извори за својата група и сите фотографии

Чекор 2
Поделба на учениците во групи и анализа на извори

Чекор 3
Изложување на заклучоците од секоја група

Чекор 4
Дискусија

Чекор 1

Бура на мисли

Објаснување на поими

Теориско толкување на тероризмот

Најзначајни поими:

Терор: владеење на насилство, прогони, физичко загрозување и уништување на противникот, владеење на страв

Тероризам: систематско користење на насилство и застрашување во политички цели или поради изнудување на пари

Терорист: оној кој врши терор, припадник на терористичка организација

I K , M , N S 2006.

Вовед

Југославија (Кралство СХС) е создадена на Париската мировна конференција 1919 година. Како и другите новоформирани држави, била дел од безбедносното решение на Европа. Од Балтик до Средоземно море, формиран е појас на новосоздадени држави кои биле под заштита на земјите победнички во Првата светска војна. Главни цели на појасот биле: спречување на советската експанзија во Европа, спречување на реваншизмот од поразените држави, отпор кон италијанскиот експанзионизам насочен кон Балканот.

Како дел од т.н. Француски систем, Југославија ги вршела сите три улоги. Главните закани кон Југославија доаѓале од Италија и Советскиот сојуз, а по 30-тите години и од Германија. Непосредна основа за напади давале и соседните држави Унгарија, Бугарија и Албанија. Екстремните националисти во Југославија, незадоволни од новите граници, имале подршка од Италија, а од почетокот на 30-тите години и од Германија. Комунистите имале силна подршка од Советскиот сојуз. Внатре во земјата создаден е фронт составен од различни луѓе и организации на кои заедничко им било незадоволството од новата држава. Најактивни биле Комунистичката партија, ВМРО и Усташите, додека пак албанското незадоволство се изразувало со постојан вооружен отпор со низок интезитет. Терористичките напади на Југославија се јавуваат од нејзиното создавање, а својот врв го достигнуваат во триесетите години.

Прашања

1. Што мислите дека е тероризам?
2. Која е разликата помеѓу терорист и борец за слобода?
3. Обидете се да објасните како иста личност може да биде окарактеризирана во една држава како терорист, во друга како борец за слобода? Обидете се да дадете некои примери за тоа.
4. Кои се (негативните) последици од тероризмот?
5. Како најчесто државата реагира на тероризмот?
6. Дали знаеш за некои современи терористички организации и терористички дела?

Извор **1**

Акција на македонските комити (1919–1934)

"Статистиката на терористичките акции од оваа страна на границата покажува дека во периодот 1919-1934 година на југословенската територија се извршени 467 напади, терористички акции и слично, кои ги организирала ВМРО и во текот на кои 185 службени лица и 253 граѓани – невини жртви, се убиени или ранети.
Да се потсетиме на само некои од нив: масакр на селаните во Кадрифалково и Сушево, кој чинеше 35 човечки животи; убиство на генералот Михајло Ковачевиќ во Штип и убиството на уште десетина други офицери-граничари со различни чинови; потоа 10 терористички напади во јавни објекти (меани и ресторани) кои однесоа 94 животи и други 28 напади насочени кон железницата и нејзиниот имот".

ВМРО – Внатрешна Македонска Револуционарна Организација, е основана кон крајот на 1893 година во Солун. Незадоволна од Нејскиот мировен договор, организацијта се обидувала со терористички методи да ги измени границите на Балканот.

Report of the results of Macedonian komitadji action", 1. 12. 1934;

AJ (Archives of Yugoslavia), 37 (Milan Stojadinovic) – 22 - 174

Извор **2**

Терористички напади на ВМРО

"Во ноќта помеѓу 30 и 31 мај 1932 година, во Белград се поставени 4 пеколни машини и тоа: на улица Милош Поцерц, во недовршената зграда на Окружната канцеларија за осигурување на работници во улица Немања, на оградата од Втората машка гимназија и кај печатницата Ѓура Јакшиќ во близина на новото собрание на улица Крал Александар, од кои само втората и четвртата експлодирале(...), додека останатите две благовремено биле запазени и демонтирани.
На ден 30 септември 1932 година, во Офицерскиот дом дојде носачот Ѓура Кресовиќ носејќи еден мал кофер. Слугинката Спасенија Божовиќ, која таму ги чистеше скалите, го запрашала носачот кого бара, а тој одговорил дека од некој господин на улица добил наредба да со тој кофер го сочека капетанот Ранковиќ. Спасенија, не познавајќи го тој капетан, го упатила носачот во дворот, таму да чека, и тој излегол, а потоа повторно се вратил, велејќи дека не може да чека повеќе, туку дека по кратко време повторно ќе дојде. Потоа се упатил кон излезот. Во тој момент се случила силна експлозија (...) предизвикана од пеколната машина во коферот кој го носел. Кресовиќ паднал смртно погоден, а набргу потоа и им подлегнал на повредите, Содека Спасенија Божовиќ (...) била тешко повредена. Таа експлозија и нанела штета на самата зграда од 122.770,24 динари, како што подоцна било утврдено. Експлозијата на носачот Кресовиќ му ги откинала и двете нозе, па поради силното крварење, несослушан за делото и сторителот, умира".

AJ, 135 (Drzavni sud za zastitu drzave) – 100 – 38 / 33.

Извор **3**

Постојана војна од низок интензитет на Југословенско-Бугарската граница?

"Ноќеска околу 22:00 часот нашите граничари водеа борби со бандити кои се обидуваа да преминат на наша територија. На бандите им помагаат и бугарските граничари. Борбата е водена кај караулата Јавор чука во близина на самата граница (...) во правец на Босилеградскиот срез. Во борбите се употребени пушки, бомби и пушкомитралези. Борбата траеше 15 минути. Бандитите се повлекоа под силен притисок на оганот од пушкомитралезот (...) Четата броеше 5 луѓе. Според известувањето кое го имам, комитите би можеле да се обидат да преминат на друга страна, во Кривопаланечкиот или Босилеградскиот срез. Превземени мерки: жандармите со полицијата се на терен."

Nezavedeno, bez naslova, iz 1933; AJ, 74 (Dvor) – 50 - 68.

Извор **4**

Финансиски ефекти на кампањата на ВМРО

"Неброени протести до Софија со кои се бара Бугарската влада да ја провери терористичката кампања на ВМРО, останаа без резултат. На Југословенската влада поради тоа не и преостана ништо друго туку да ја осигура сопствената територија од упадите, како и да ги заштити животите на своите граѓани, утврдувајќи ја готово комплетната граница кон Бугарија, некои 400 км, со значајни трошоци (од околу 200 милиони динари). Исто така, јакнење и непрекинат надзор на границата, железничките линии и јавни објекти во подрачјата во близина на границата со Бугарија, повлекуваат значајни финансиски средства (околу милијарда динари во текот на 15 години)".

"*Report of the results of Macedonian komitadji action", 1. 12. 1934; AJ (Archives of Yugoslavia), 37 (Milan Stojadinovic) – 22 - 174*

Извор **5**

Убиството на кралот Александар

"Кралот Александар е убиен на 9 октомври во Марсеј, неколку минути откако се симнал од командниот брод "Дубровник", со кој допловил од Југославија. Поради криминалната неодговорност на француската влада, Неговото Височество, заедно со францускиот министер за надворешни работи Барту, прелесно се жртвувани на убиецот, кој во меѓувреме е идентификуван како припадник на Македонската револуционерна организација и кој сигурно (...) претставува орудие во рацете на оние хрватски бегалци на кои Италија и Унгарија во минатите 7 години им пружаат засолниште и гостопримство. Вооружен со автоматски пиштол, убиецот успеал да се пробие низ реткиот кордон од полицајци и гардисти, кои стоеле на меѓусебно растојание од околу дваесет метри, пред да биде покосен од коњичкиот офицер во придружбата. Масата потоа го линчувала".

Godisnji izvestaj Nevila Hendersona, britanskog poslanika u Beogradu, za 1934. godinu, Z. Avramovski, Britanci o Kraljevini Jugoslaviji, t II, Zagreb 1988, 263..

Прашања за првата група

1. Кои биле терористичките акции на ВМРО?
2. Како терористичките акции влијаеле брз животот на обичните луѓе?
3. Во времето на големата економска депресија, тероризмот и борбата против него причиниле големи финансиски губитоци и воени инвестиции. Обиди се да објасниш зошто!

Извор **1**

Цели на Усташите

“Бомбите се потребни, тие се целисходни, тие се временски императив, со нив, со пеколните машини, со убиствени стрели треба да се тресат расклиманите ѕидини на крвавата кула која се вика Југославија. Нека трештат бомбите, нека се разлее нивниот глас низ Хрватска и надвор од неа, нека нивниот број секој ден биде се поголем.” (Др. Бранимир Јелиќ, еден од водачите на усташката организација)

Gric. Evropski prilog Hrvatskog domobrana, 4. 06 1932; AJ, 38 (CPB) – 114 – 565.

Извор **2**

“Усташка должност е да се враќа мило за драго. Но не со еднаква мера. Усташи, запомнете, усташки се плаќа: за заб – глава, за глава – десет глави! Така кажува усташкото еванге-лие”.

Ustasa, 06. 1932, AJ, 135 – 105 – 53 / 33.

Извор **3**

“И покрај тоа што Здружението на усташи пред себе поставило за цел одвојување на еден дел од Кралството Југославија од државната целост, тоа не се труди исто-то да го постигне со политички средства, макар и со илегални средства за борба, туку се труди терористички да ги застраши широките слоеви на народот со помош на атентати врз истакнати личности и со рушење на јавни објекти со експлозивни матери-јали, нарочно на сообраќајници, при што доаѓа до голема матери-јална штета, телесни повреди и убиства кои немаат никаква поврзаност со политика”.

AJ, 135 – 114 – 37 / 34

Извор **4**

Терористички активности на усташите

“На почетокот на август (1931) дојде до експлозија на возови кои доаѓаа од Австрија. Ноќта на 2 август, бомба експлодира во експресниот воз Минхен – Белград, кој минува низ Австрија. До експлозија дошло кога возот застанал во Земун, последната станица пред влегувањето во Белград. Двајца возрасни мажи и едно момче загинаа, а една жена е смртно ранета. Југословенските железнички власти веднаш одлучиле да ги задржат на граница сите патнички вагони кои доаѓаат од Австрија и следниот ден откриле експлозиви во два вагона кај Јесенице на границата со Австрија. Вагоните се префрлени на споредниот колосек, а со истрагата не се откриени уште две бомби кои биле сокриени зад седиштата и кои експлодирале неколку часа подоцна”.

Godisnji izvestaj Nevila Hendersona, britanskog poslanika u Beogradu, za 1931. godinu, Z. Avramovski, Britanci o Kraljevini Jugoslaviji, t II, Zagreb 1988,26.

Извор **5**

“Како резултат на долга серија од експлозии на бомби кои ги убиваа патниците и уништуваа вагони, на ниту еден странски вагон не му беше дозволено да ја премине границата. Патниците на сите возови од другите земји, со исклучок на експресниот воз од Италија, беа должни да се префрлат во југословенски вагони”.

“Jugo – Slavian Bar Foreign Rail Cars to Quell Bombing”, Journal, Atlanta, 6. 8. 1931; AJ, 38 – 414 – 565.

Извор **6**

Усташки терористички активности

“Како последица од организирање и обучување на усташите доаѓа до серија од терористички акции извршени во Југославија. Како најважни ги споменувам: Убиството на Тони Шлегел, директор на весникот Новости во Загреб; убиството на полицискиот агент Јосип Кец и обидот за убиство на полицискиот агент Јосип Бан кој е тешко ранет; убиството на полицискиот агент Матија Требски и обидот за убиство на полицискиот агент Фране Благовиќ – се е извршено во 1929 година. Потоа, во 1930 година, обидот за атентат со пеколна машина на железничката пруга Стризовојна – Врпоље – Михановци (пеколната машина требало да експлодира за време на минувањето на возот со кој се движела делегација на селаните од Загреб). Потоа во 1931 година доаѓа експлозијата на пеколната машина во зградата на Бановината во Загреб и убиството на Андрија Бериќ, претседател на општината во Нова Градишка. Во 1932 година следи експлозија на пеколна машина во вагонот од втора класа на линија Осиек – Винковци, експлозија на пеколна машина на пругата Белград – Загреб (...) и експлозија на пеколна машина во Загреб пред дворот на православната црква и во дворот на XXXII пешадиски полк. Во 1933 година доаѓа (...) експлозија на пеколна машина во полицискиот комесаријат во Копривница од која еден шполициски агент загина, а други двајца се тешко ранети. Потоа доаѓа убиството на бившиот министер народен пратеник Мирко Најдорфер во Златара (...) експлозија на пеколна машина во Голи, експлозија на пеколна машина на железничката пруга кај Запрешиќ итн. (...)”

Nezavedeno, bez naslova, iz 1933; AJ, 38 – 103 - 240

Прашања за втората група

1. Користејќи ги изворите, обиди се да објасниш зошто екстремните националисти сонуваат за распадот на Југославија?
2. Анализирај ги изворите и обиди се да пронајдеш сличности и разлики помеѓу тероризмот денес и усташката организација!
3. Кои од изворите посочуваат на соработка меѓу двете терористички организации?
4. Користејќи ги дадените извори, обиди се да заклучиш кои земји биле (директно или индиректно) подржани од Усташката организација?

Извор **1**

Протест на измачената Македонија!

Поробениот македонски народ во државата на кралот Александар Караѓорѓевиќ преживува тешки денови. Тое е тивко ставен надвор од законот. Него го тепаат без суд и пресуда, угнетуваат и ограбуваат надвор од секој закон и секое граѓанско и човеково право. Стравот и трепетот денес царуваат во Македонија. Монархистите и милитантите во Белград одлучија со оган и меч да го задушат македонскиот дух и во крв да ја задушат македонската национална свест. Секој ден паѓаат глави, секој ден полицијата и џандармеријата претепуваат луѓе на сред улица. Секој ден мирните Македонци се извлекувани од нивните домови, од затвори, за да по неколку минути бидат стрелани од страна на српскиот џандармски крал.

Денес во Македонија не постои никаква сигурност на имотот и животот. Со тие вредност во Македонија, денес располагаат полицијата и џандармеријата. Сите се сомнителни, сечиј живот е загрозен. Никој не знае дали жив ќе легне и жив ќе стане. Белград злосторнички молчи за тоа. Вообичаено зборлестиот и гласноговорниот белградски печат, молчи за тие страшни малтретирања и убиства. Доколку и соопшти нешто за тие безбројни дела, истите ги припишува на револуционерите на Протогеров од Софија (...).

Народот се наоѓа во очајна положба. Од една страна Протогеров* испраќа свои чети за да вршат атентати, од кои непрестано страдаат недолжни Македонци; од друга страна, сегашниот режим го користи секој атентат, успешен или неуспешен, за да го зголеми теророт, кој носи само зло. И така, по цена на нашите животи, се води спор за тоа чија е Македонија, поради што патат Македонците, иако во него не се соучесници и ги осудуваат делата и на едните и на другите. (...)”

МАКЕДОНСКО ДЕЛО, Виена, година 3, 25. јануари 1928, бр. 58.

Извор **2**

Сиромаштијата на дел од населението како мотив за приклучување кон усташите

“Срезот Биоград на море, е срез кој се граничи со фашистичка Италија (...) Тоа наше население мака мачи да одолее на пропагандата на фашистичкиот сосед, а уште потешка мака има како да се прехрани. Бедата и сиромаштијата владеат со срезот, народот нема никаква заработувачка, нема ни каде да го продаде своето скромно производство (...). Можат да продаваат само во Задар, бидејќи тој град му стои пред прагот. Нашите градови му се предалеку, нијблизу е Шибеник, далеку 100 км., бидејќи нема железничка пруга. Оваа преголема беда, таа вистинска сиромаштија, тоа вечно одење во Задар за да се продаде нешто (...) е една од главните причини населението да наседне на измамата (...) Овие (...) ги наговориа сиромашните селани да го примат оружјето кое им го дадоа (револвер), истото да го сокриат и кога ќе им порачаат истото да го употребат, колку за своја одбрана, толку и за помош на другите, бидејќи набргу ќе дојде час кога тие ќе бидат ослободни од бедата која ги убива, дека за нив доаѓа економски спас, а исто така и подобра власт која ќе води сметка за за нивните потреби и ќе им овозможи просперитетен живот”.

Експозе на Јосип Антуновиќ, собраниски пратеник од обраќањето на 17.03.1933, стенографски белешки на Државното собрание Белград 1933, 43.

Извор **3**

“Народот, кој е заведен, сега осознава дека биле лажни ветувањата кои ги добивале (...) Утврдено е дека одметнатите елементи кои пребегнале во Задар им ветувале на селаните во бенковечкиот и биоградски срез дека сите тие кои ќе учествуваат во акциите на усташите, по нивниот успех, како доброволци ќе добијат земја на државниот имот Соколуши”.

Odmetnicka akcija u Severnoj Dalmaciji (15. 2. 1933), AJ, 38 – 12 – 42.

Извор **4**

“Иако некои весници со своето пишување создадоа впечаток дека Загреб е дом на тероризмот, јавноста е длабоко против истото"

Извештај на британскиот конзул во Загреб од 26. 12. 1934, AJ, FO 371 – 409 - 19547

Извор **5**

Југословенски меморандум упатен до Лигата на народите (1934)

"На 28 ноември Југословенската влада доставила до генералниот секретар на Друштвото на народите меморандум со документи за наводното соучесништво на унгарската власт. Тој опширен документ ги содржи, меѓу другото, и следните обвиненија: дека терористите во Унгарија се сместувани во логори со знаење на унгарските власти; дека им е помагано при внесувањето на оружјето, експлозивите и пропагандниот материјал во Југославија; дека под ведро небо биле обучувани за употреба на оружје, што не можело да не им биде познато на унгарските органи на власта; (...) дека изборот на злосторници кои требало да го извршат убиството во Марсеј е извршен на унгарска територија, од редовите на специјално обучени терористи.
Дебатата за меморандумот, која започнала на 7 декември (...) изминала во знак на различни мислења. Ноќта 10 декември, по долги и макотрпни разговори, Лорд чувар на печатот, како известувач, поднел предлог соопштение и резолуција кои се едногласно прифатени во Советот. Резолуцијата, повикувајќи се на обврската на секоја држава да се бори против тероризмот и да го почитува територијалниот интегритет и независност на другите држави, укажала на тоа дека некои претставници на унгарските власти можат, во најмала рака од немарност, да сносат одговорност за злочинот во Марсеј и бара од властите во Унгарија да ги казнат оние претставници на власта чија вина може да биде утврдена". arian authorities to sanction those whose guilt can be established."

Godisnji izvestaj Nevila Hendersona, britanskog poslanika u Beogradu, za 1934. godinu, Z. Avramovski, Britanci o Kraljevini Jugoslaviji, t II, Zagreb 1988,253 – 254.

Прашања за третата група

1. Имајќи го на ум историскиот контекст, обиди се да објасниш што било иницијална каписла за тероризмот во меѓувоена Југославија?
2. Каков бил ставот на Лигата на народите по прашањето на тероризмот?
3. Кои мотиви биле најзастапени во одлуките на поединците за да се определат за тероризам?

Усташи на обука
Усташи во текот на обуката во Италија. Владо Черноземски во средина

Arhiv Jugoslavije, 14 – 27 – 72

Атентаторот на кралот Александар, Величко Димитров Керин (Владо Черноземски) во усташки логор во Италија

Анте Павелиќ во усташкиот логор за обука во Италија

Bogdan Krizman, Pavelić i ustaše, Zagreb 1978, str. 128

Кралот Александар и министерот Лу Барту

Архив Југославије, збирка фотографија

Атентатот во Марсеј

Архив Југославије, збирка фотографија

Територијални аспирации на ВМРО

Памфлет на ВМРО

Територијални аспирации на усташкото движење

NEZAVISNA Država HRVATSKA

Ustaški Poglavnik
Dr. Ante Pavelić
vodja hrvatskog oslobodilačkog pokreta.

Hrvatski narode!

U Novu Europu mora ući Slobodna i Nezavisna Država Hrvatska na čitavom gore označenom HRVATSKOM i povijesnom HRVATSKOM području.

Stvaranje NEZAVISNE HRVATSKE DRŽAVE zastupati će na mirovnim pregovorima Dr. ANTE PAVELIĆ, ustaški glavnik, koji je već pred jedno desetljeće hrvatsku narodnu politiku usmjerio prema - danas pobjedničkoj Italiji i Njemačkoj i koji je JEDINI U STANJU osigurati sretnu budućnost HRVATSKOG NARODA.

Dajmo sve naše povjerenje Poglavniku Dru ANTI PAVELIĆU!

Усташки памфлет
Текст од памфлетот

Независна држава Хрватска,
усташки поглавник Др. Анте Павелиќ, водач на хрватското ослободително движење

Хрватски народе!
Во новата Европа мора да влезе и независната држава Хрватска на целото гореозначено народно и историско хрватско подрачје. Создавањето на независна држава Хрватска на мировните преговори ќе ја застапува Др. Анте Павелиќ, усташки поглавник кој веќе пред една деценија хрватската народна политика ја усмери кон денес победничките Италија и Германија и кој е единствениот во состојба да му обезбеди среќна иднина на хрватскиот народ. Да му ја дадеме сета наша доверба на поглавникот Др. Анте Павелиќ!

Bogdan Krizman, Pavelić i ustaše, Zagreb 1978, str. 336.

Прашања за завршна дискусија

1. Во време на голема економска депресија, тероризам и борба против тероризмот, причинети се големи финансиски губитоци и огромни воени инвестиции. Обиди се да објасниш зошто?
2. Во која мера тероризмот ја променил политичката ситуација во земјата?
3. Дали државата можела и поинаку да реагира? Објасни!
4. Кој и на каков начин ја загрозувал државата?
5. Спореди каков бил ставот на Лигата на народи тогаш, а каков е ставот на меѓународните организации денес по прашањето на тероризмот?